Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-338/5
23.09 2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет бр. 01-245/3 од 27.01.2016 година, бр. 01-4545/7 од 19.10.2016 година, бр. 02-344/3 од 29.01.2018 и 01-1035/3 од 13.03.2019 година, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет - Скопје, на седницата одржана на 23.09.2024 година, ја донесе следната

## Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Национална опера и балет

### Член 1

Во членот 6 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Заштитниот знак на Националната опера и балет претставува стилизиран приказ на петолинието и виолинскиот клуч сплетени во кружен венец, кои ја изразуваат музиката што ја поврзува операта и балетот во една бесконечност изразена со стилизирани букви О и Б кои се наоѓаат во центарот на музичкиот венец со текст Национална опера и балет. Под заштитниот знак стои текст: „Република Северна Македонија НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ, Republika e Maqedonisë së Veriut OPERA DHE BALETI NACIONAL, Republic of North Macedonia NATIONAL OPERA AND BALLET“.“

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на добивањето на согласност од министерот за култура и туризам, а ќе се објави на огласната табла на Националната опера и балет.

### Образложение

Измената на член 6 став (2) од Статутот на Националната опера и балет се врши на иницијатива на директор на Националната опера и балет, согласно член 30 став (1) точка 2 од статутот.

Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Националната установа Национална опера и балет ја донесува Управниот одбор на установата, согласно член 21 став (1) точка 1 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, а согласност на примена на истата дава министерот за култура.

**Претседател на Управен одбор**
**Александар Трајковски**